Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Сто шеесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 октомври 2019 година

Скопје, октомври 2019 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто шеесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 октомври 2019 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори д-р Кочо Анѓушев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и членовите на Владата на Република Северна Македонија, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Хусни Исмаили, министер за култура, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, м-р Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Кристијан Трајковски, директор на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, Мирослав Грчев, надворешен соработник на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за просторно и урбанистичко планирање и градежништво и нотар Билјана Пецовска.

Од седницата отсуствуваа, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска и членовите на Владата, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*      *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 157-та седница на Владата, одржана на 3 октомври 2019 година

**Пред преминување на Дневен ред**

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**
    - **Информација за изградба на пречистителна станица за отпадни води во Скопје**
    - **Информација за потпишување на размена на писма/договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија за културен грант**
- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.7. - 31.12.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година**

## А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

**а) гости**

1. Предлог-одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје

2. Барање за донесување на одлука за отстапување на 600.000 литри Еуродизел БС гориво, 500.000 килограми мазут М-1 и 20.000 литри екстра лесно гориво (нафта за

домаќинство) од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија (ЖРСМ) Транспорт АД - Скопје, со Предлог-одлука

3. Предлог-одлука за давање согласност за статусна промена присоединување помеѓу Јавно претпријатие „Колекторски систем“ Скопје и МЈП „Проаква“ Струга (РЕ Колектор Струга)

4. Информација за донесување Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар сопственост на Република Северна Македонија на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ - Скопје, со Предлог-одлука

5. Информација за реализација на Договор за признавање и плаќање на долг склучен помеѓу Град Скопје и Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ - Скопје

6. Информација за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот пазарен инспекторат, со Предлог-одлука

7. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Институт за белодробни заболување кај децата Козле)

8. Предлог-одлуки за престанок и за давање движни ствари на трајно користење на доброволни противпожарни друштва

9. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кичево

10. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Доброволно противпожарно друштво „Перо Чичо“ - Куманово

11. Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со Барање од друштвото во врска со препораката од точка 1 од Извадокот од Нацрт-записникот од 158-та седница на Владата на Република Северна Македонија, бр.45-7752/1 од 8.10.2019 година, со Предлог-одлука

12. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост

13. Информација за потребата од дислокација на средното угостителско училиште „Ванчо Питошески“ на просторот на некогашната касарна „Генерал Михајло Апостолски“ во Охрид

14. Предлог-одлука за престанок на важење на Одлуката за утврдување на градба од посебен интерес заради изработка на урбанистичко планска документација

**б) економски систем и тековна економска политика**

15. Предлог-закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнително финансирање за Проектот за изградба на Автопат - делница Кичево - Охрид кој ќе се склучи меѓу „Експорт - импорт банката“ на Кина и Јавното претпријатие за државни патишта, по скратена постапка

16. Предлог-програма за изменување и дополнување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2019 година

17. Информација за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Дојран, со Предлог-одлука

18. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување Спогодба за воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, со текст на Нацрт - спогодба

19. Информација за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - руди на бакар и злато на локалитетот „с. Иловица“, Општина Босилово

20. Информација за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп со непосредна спогодба со Трговското друштво за земјоделие и лозарство „М - Шест Аграр“ ДООЕЛ Скопје

21. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Софилари, Општина Штип, со Предлог-одлука

22. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Куманово, Општина Куманово, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) КО Новаци-вон г.р., Општина Новаци, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4 - времено сместување КО Трново вон гр., Општина Битола, со Предлог-одлука

26. Информација за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Кичево, Скопје, Неготино, Кавадарци, Берово и Струга, со Предлог-решение

27. Информација во врска со барањето за пренос на удели во Друштвото за производство на електрична енергија „Биор Енерги" ДОО експорт - импорт Тетово, концесионер во Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1, МХЕЦ Речица 2, со Предлог-одлука

28. Информација за донесување на уредба за работењето на операторот на организиран пазар на електрична енергија, со Предлог-уредба

**в) политички систем**

29. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за прометот на експлозивни материи

30. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за странци

31. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола

32. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир

33. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари

34. Предлог-закон за изменување на Законот за приватно обезбедување

35. Предлог-закон за изменување на Законот за личното име

36. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта

37. Предлог-закон за изменување на Законот за оружјето

38. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите

39. Предлог-закон за изменување на Законот за детективската дејност

40. Предлог-закон за изменување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните

41. Предлог-закон за изменување на Законот за државјанството на Република Македонија

42. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија

43. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од експлозивни материи

44. Предлог-закон за изменување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови

45. Предлог-закон за изменување на Законот за полиција

46. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата

47. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за јавните собири

48. Информација за напредокот во спроведувањето на „Планот за имплементација на Стратегискиот Одбранбен Преглед (СОП) 2018"

49. Информација за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Билески против Република Северна Македонија (А.бр.78392/14), со Предлог-одлука

50. Информација за правосилност на одлука на Европскиот суд за човекови права за случајот Џенифер Џеладин против Република Северна Македонија, А.бр.43440/15, со Предлог-одлука

51. Информација за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во случајот Реџепи против Република Северна Македонија, А.бр.16632/15, со Предлог-одлука

52. Информација по извадок од Нацрт-записникот од Сто триесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 мај 2019 година

53. Предлог-деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

54. Информација за изменување на Решението за назначување на членови на Националниот одбор за Македонска рамка за квалификации, со Предлог-решение

55. Информација по доставено Барање за одобрение за основање приватна установа за деца - центар за ран детски развој „Мара Бубамара Скопје" во Скопје, со Предлог-одлука

56. Информација за текот и реализацијата на активностите и сумираните статистички податоци за Е-обуката за родова еднаквост

57. Информација за потребата од набавка и инсталација на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар за потребите на Јавните здравствени установи во Република Северна Македонија

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) економски систем и тековна економска политика**

58. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Охрид

59. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци

60. Предлог-одлука за начинот и постапката при распределба на стоки во рамки на тарифни квоти

61. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на друг вид минерална суровина - риолит на Друштвото за трговија, производство и услуги „Минерал - груп" ДОО Струмица на локалитетот „Крив пат" с. Куклиш, Општина Струмица

62. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Центар

**б) политички систем**

63. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Агенцијата за разузнавање

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

64. Предлог-одлука за основање на Математичко - информатичка гимназија во Скопје

65. Предлог-решение за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

66. Понуда од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.111601 за КО Центар 1 на КП бр.10916/1 и КП бр.10916/3 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111602 за КО Центар 1 на КП бр. 10918/1 и КП бр. 10918/3, викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр.111604 за КО Центар 1 на КП бр. 10939, викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111599 за КО Центар 1 на КП бр. 10922/1 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111587 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/2, КП бр. 10914/6, КП бр. 10914/7 и КП бр. 10914/8 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111600 за КО Центар 1 на КП бр. 10923/1 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111592 за КО Центар 1 на КП бр. 10911/9 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр.111590 за КО Центар 1 на КП бр. 10941/2, КП бр. 10941/4 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111596 за КО Центар 1 на КП бр. 10917/1 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111586 за КО Центар 1 на КП бр. 10901/6 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111579 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/5 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111583 за КО Центар 1 на КП бр. 10913/16, КП бр. 10913/25, КП бр.10913/26 и КП бр. 10913/30 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111591 за КО Центар 1 на КП бр. 10915/3 и КП бр. 10915/5 викано место И.Р.Лола и Имотен лист бр. 111581 за КО Центар 1 на КП бр. 10915/2

67. Понуда од нотар Махир Зибери од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.2676 за КО Горно и Долно Оризари на КП бр.983 викано место/улица Железница

68. Понуда од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10195 за КО Илинден на КП бр.1037 викано место/улица Село

**д) други предлози**

69. Кадровски прашања

70. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

71. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1 јули до 30 септември 2019 година

72. Тримесечен извештај за работењето на Македонски железници - Транспорт А.Д. - Скопје, за период 1.4. - 30.6.2019 година, со дополнување

73. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за период од 1.7.2019 година до 30.9.2019 година

74. Информација за статус на реализација на програмите за прекугранична и транснационална соработка кои се спроведуваат во рамки на Инструментот за претпристапна помош за период јануари - јуни 2019 година

75. Информација за Предлог- насоки за буџетирање одговорно кон Ромите

76. Информација за преземените активности во врска со реализацијата на активностите од Стратегијата за Роми 2014 - 2020, односно националните акциски планови за периодот април - јуни 2019 година

77. Информација за воведување на нов модул во Мултиплатформскиот систем за колаборација за Е - седница на Владата со презентација за неговата примена

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

78. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, по скратена постапка

79. Информација за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Северна Македонија и Република Србија за 2018 година од Акциската програма за преку - гранична соработка Република Северна Македонија - Република Србија за 2018, 2019 и 2020 година CRIS 2018/041-422, во рамки на ИПА 2, со усогласен текст на Спогодба

80. Информација за одржување на четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 22 мај 2019 година во Скопје

81. Информација за подготовка на шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, што ќе се одржи на 13 ноември 2019 година во Брисел

82. Информација за преземање и прераспоредување на професионални војници со навршени 45 години возраст од Министерството за одбрана во органите на државната и локалната власт и во други државни органи

83. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Берово

84. Информација за преземање итни мерки за обезбедување и заштита на Аквадуктот во Скопје

85. Информација во врска со понудата на Секретаријатот на енергетската заедница за вклучување на Центарот за решавање и преговарање на спорови во случајот со решавање на сопственичките удели во ГА-МА АД - Скопје, со Меморандум за разбирање

86. Информација во врска со спроведена постапка за избор на најповолна понуда за воспоставување на Јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерските услуги за пребарување и спасување (САР), со Предлог-одлука

87. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А1 - станбени куќи КО Сопиште - вон г.р., Општина Сопиште, со Предлог-одлука

88. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување КО Добри Дол, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

89. Информација за покачување на платите на вработените во јавните научни установи во Република Северна Македонија за 25% и за исплата на минат труд почнувајќи со исплата на платата од октомври 2019 година, со прилози

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 157-та седница на Владата, одржана на 3 октомври 2019 година.

*

* *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

- **Информација за изградба на пречистителна станица за отпадни води во Скопје**

Владата се информираше за статусот за спроведување на тендерот за изградба на пречистителна станица за отпадни води во Скопје и заклучи:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја поднесе апликацијата за инвестициски грант за изградба на пречистителна станица во Скопје во висина од 10 милиони евра во информацискиот систем на Инвестициската рамка за Западен Балкан, најдоцна до 1 ноември 2019 година.

2. Се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања да ја извести Европската комисија за новиот рок за склучување на договорот за изградба и надзор на изградбата на пречистителната станица за отпадни води во Скопје, најдоцна до 4 ноември 2019 година.

3. Се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, да поднесе по писмена постапка до Секретаријатот на Инвестициската рамка за Западен Балкан барање за продолжување на договорот за техничка помош, најдоцна до 9 ноември 2019 година.

- **Информација за потпишување на размена на писма/договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија за културен грант**

Владата се информираше со Информацијата за потпишување на размена на писма/договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија за културен грант.

Истовремено, Владата го определи д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, во име на Владата на Република Северна Македонија да ги потпише писмата за размена/договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија за културен грант.

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.7. - 31.12.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година**

Владата ја разгледа Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.7.-31.12.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година (29.10.2019 година), која е доставена до Собранието на Република Северна Македонија и притоа заклучи:

1. Законодавната агенда согласно доставениот допис од Министерството за животна средина и просторно планирање да се измени и тоа:

- Предлог-законот за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори; Предлог-законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема; Предлог-законот за управување со пакување и отпад од пакување; Предлог-законот за управување со посебни текови на отпад и Предлог-законот за проширена одговорност на производителите кои треба да се доставаат во владина постапка до септември 2019 година, да се измени рокот, односно истите да се доставаат до 20 декември 2019 година.

- Предлог-законот за индустриски емисии кој треба да се достави во владина постапка до октомври 2019 година, да се измени рокот, односно истиот да се достави до 20 декември 2019 година.

2. Законодавната агенда согласно доставениот допис од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да се измени и тоа:

- Предлог законот за ловство кој треба да се достави во Владина постапка до 15 октомври 2019 година да се измени рокот односно истиот да се достави до 15 декември 2019 година, поради потребата да се направат дополнителните консултации, како и да се изврши усогласување на прекршочните одредби од новиот Закон за прекршоци.

3. Согласно овој заклучок соодветно да се измени и Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година.

Пречистениот текст на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.7.-31.12.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година (измена 29.10.2019 година), да се достави до Собранието на Република Северна Македонија врз основа на член 185 став (1), член 60 став (1) алинеја 6 и член 64 ставови (4) и (5) од Деловникот на Собранието на Република Македонија, а во врска со член 4 став (1) точки 11 и 13, член (11) став 2, член 20 став (10) и членови 24 и 103-а од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје, поради потребата предлагачот да го дополни

материјалот согласно укажувањата содржани во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 2**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за донесување на одлука за отстапување на 600.000 литри Еуродизел БС гориво, 500.000 килограми Мазут М-1 и 20.000 литри Екстра лесно гориво (нафта за домаќинство) од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија (ЖРСМ) Транспорт АД - Скопје, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата откако претходно истото ќе биде разгледано на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати повторно да го разгледа барањето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје за обезбедување на 600.000 литри Еуродизел БС и до Владата да достави соодветно мислење за обезбедување на бараните количини.

**Точка 3**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за статусна промена присоединување помеѓу Јавно претпријатие „Колекторски систем" Скопје и МЈП „Проаква" Струга (РЕ Колектор Струга), во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за донесување Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар сопственост на Република Северна Македонија на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ - Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ - Скопје, доколку до потпишување на истата Министерството за транспорт и врски достави позитивно мислење.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Договор за признавање и плаќање на долг склучен помеѓу Град Скопје и Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ - Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат управителот на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ Скопје и Град Скопје да потпишат Анекс бр.7 кон Договорот, со кој ќе се измени висината на утврдените рати на долгот којшто Република Северна Македонија преку Друштвото „Борис Трајковски" ДООЕЛ Скопје го има кон Град Скопје без да се менува динамиката на плаќањето.

2. Се задолжува Министерството за финансии да ја разгледа можноста за обезбедување на 60.000.000,00 денари во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година по основ „зголемување на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје“ со цел да се исплати втората рата кон Град Скопје.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот пазарен инспекторат, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот пазарен инспекторат, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата условно ги донесе одлуките за престанок и за давање движни ствари на трајно користење на доброволни противпожарни друштва, доколку до потпишување предлагачот го усогласи текстот на одлуките со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 9**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кичево, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Доброволно противпожарно друштво „Перо Чичо“ - Куманово, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата по Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со Барање од друштвото во врска со препораката од точка 1 од Извадокот од Нацрт-записникот од 158-та седница на Владата на Република Северна Македонија, бр.45-7752/1 од 8.10.2019 година, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со

заклучок Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје на соодветно место да ги вгради забелешките изнесени во Мислењето на Министерството за економија.

**Точка 12**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост, доколку Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост ја достави во прилог сопственичката документација и Агенцијата за катастар на недвижности достави позитивно мислење по материјалот.

**Точка 13**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од дислокација на средното угостителско училиште „Ванчо Питошески“ на просторот на некогашната касарна „Генерал Михајло Апостолски“ во Охрид со заклучок:

- Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да закаже состанок на кој да присуствуваат градоначалникот на Општина Охрид и неговите служби, министерот за транспорт и врски и претставници од Министерството за образование и наука со цел изнаоѓање на решение за надминување на проблемот.

**Точка 14**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на Одлуката за утврдување на градба од посебен интерес заради изработка на урбанистичко планска документација, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнително финансирање за Проектот за изградба на Автопат - делница Кичево - Охрид кој ќе се склучи меѓу „Експорт - импорт банката“ на Кина и Јавното претпријатие за државни патишта, по скратена постапка, го утврди и заклучи, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Зоран Китанов, директор на Јавното претпријатие за државни патишта, Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државен советник во

Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 16**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изменување и дополнување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2019 година за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Дојран, со Предлог-одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Дојран, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Спогодба за воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, со текст на Нацрт - спогодба и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати текстот на Нацрт - спогодбата помеѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Владата на Република Северна Македонија за редовен воздушен сообраќај.

2. Се задолжуваат шефот на делегацијата и членовите на делегацијата да се придржуваат кон ставовите содржани во Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Спогодба за воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

3. Се овластува шефот на делегацијата да го парафира усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Владата на Република Северна Македонија за редовен воздушен сообраќај.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори во рок од 30 дена на Владата на Република Северна Македонија да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Спогодбата.

**Точка 19**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - руди на бакар и злато на локалитетот „с. Иловица", Општина Босилово со Предлог-одлука.

**Точка 20**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп со непосредна спогодба со Трговското друштво за земјоделие и лозарство М - Шест Аграр ДООЕЛ Скопје, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го усогласи материјалот по укажувањата на Секретаријатот за законодавство.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Софилари, Општина Штип, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Софилари, Општина Штип, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласноста за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Куманово, Општина Куманово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно

земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Куманово, Општина Куманово, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) КО Новаци-вон г.р., Општина Новаци, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) КО Новаци-вон г.р., Општина Новаци, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4 - времено сместување КО Трново вон гр., Општина Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4 - времено сместување КО Трново вон гр., Општина Битола, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Кичево, Скопје, Неготино, Кавадарци, Берово и Струга, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Кичево, Скопје, Неготино, Кавадарци, Берово и Струга, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето за пренос на удели во Друштвото за производство на електрична енергија „Биор Енерги" ДОО експорт - импорт Тетово, концесионер во Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Речица 1, МХЕЦ Речица 2, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос на удели од содружниците Друштво за градежништво и трговија Модинг ДООЕЛ Гостивар, Друштво за изградба и оперирање со хидроцентрали Норд Енерги

Гроуп, Nord Energi Group ДООЕЛ експорт-импорт Тетово и Друштво за инвестиции Капиталкорп ДООЕЛ Тетово на Друштвото за меѓународен транспорт на патници, трговија и туристички услуги „Башким-турс" ДООЕЛ експорт-импорт с.Теново, Брвеница во концесионерот Друштво за производство на електрична енергија „Биор Енерги" ДОО експорт - импорт Тетово, доколку до потпишување на истата предлагачот обезбеди Уверение за платени даноци и придонеси.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на уредба за работењето на операторот на организиран пазар на електрична енергија, со Предлог-уредба, ја усвои Информацијата и ја донесе Уредбата за работењето на операторот на организираниот пазар на електрична енергија за потребните технички, кадровски и финансиски услови што треба да ги исполни со заклучок до потпишување на истата предлагачот да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 29**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за прометот на експлозивни материи, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 30**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за странци и го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за странци да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за странци, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за

внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

<u>Точка 31</u>

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола и го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за гранична контрола, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

<u>Точка 32</u>

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир и го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 33**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари и го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 34**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за приватно обезбедување и го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, текстот на Предлог-законот за изменување на Законот за приватно обезбедување да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за приватно обезбедување, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 35**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за личното име, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 36**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за личната карта, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 37**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за оружјето, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 38**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 39**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за детективската дејност (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 40**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 41**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за државјанството на Република Македонија (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во

Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

<u>Точка 42</u>

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

<u>Точка 43</u>

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од експлозивни материи (нов текст) и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за внатрешни работи да го усогласи текстот на Законот со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за заштита од експлозивни материи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

<u>Точка 44</u>

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови (нов текст) и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за внатрешни работи да го усогласи текстот на Законот со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови да се достави до Собранието на Република Северна Македонија согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

## Точка 45

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за полиција (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

## Точка 46

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (нов текст) и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за внатрешни работи да го усогласи текстот на Законот со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата да се достави до Собранието на Република Северна Македонија согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 47**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за јавните собири (нов текст) и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за внатрешни работи да го усогласи текстот на Законот со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за јавните собири да се достави до Собранието на Република Северна Македонија согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот во спроведувањето на „Планот за имплементација на Стратегискиот Одбранбен Преглед (СОП) 2018“, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за одбрана до крајот на мај 2020 година да изработи и до Владата да достави информација за напредокот во спроведување на „Планот за имплементација на Стратегискиот Одбранбен Преглед 2018“, за периодот ноември - април 2020 година.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Билески против Република Северна Македонија (А.бр.78392/14), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлука на Европскиот суд за човекови права за случајот Џенифер Џеладин против Република Северна Македонија, А.бр.43440/15, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во случајот Реџепи против Република Северна Македонија, А.бр.16632/15, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата по извадок од Нацрт - записникот од Сто триесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 мај 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 53**

Владата го донесе најновиот текст на Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изменување на Решението за назначување на членови на Националниот одбор за Македонска рамка за квалификации, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Решението за изменување на Решението за назначување на членови на Националниот одбор за Македонска рамка за квалификации, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање приватна установа за деца - центар за ран детски развој „Мара Бубамара Скопје" во Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање одобрение за основање на приватна установа за деца - центар за ран детски развој „Мара Бубамара Скопје" - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и реализацијата на активностите и сумираните статистички податоци за Е-обуката за родова еднаквост и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да изработи план за реализација на Е-обуката за родова еднаквост (основен и напреден модул) за период 2019/2020 година и најдоцна до 20.11.2019 година да го извести Министерството за труд и социјална политика.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се препорачува на сите единици на локалната самоуправа да ги информираат сите вработени кои не ја поминале Е-обуката за родова еднаквост (основен и напреден модул) да ја завршат согласно планот за реализација на Министерството за информатичко општество и администрација и квартално да го известуваат Министерството за труд и социјална политика за бројот на службеници кои ја комплетирале обуката за родова еднаквост се до финално комплетирање на обуката од страна на сите вработени во институцијата/единицата на локална самоуправа.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика два пати годишно да ја информира Владата на Република Северна Македонија за статусот на реализација на Е-обуката за родова еднаквост (основен и напреден модул).

## Точка 57

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од набавка и инсталација на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар за потребите на Јавните здравствени установи во Република Северна Македонија на предлог на д-р Венко Филипче, министер за здравство.

## Точка 58

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Охрид, во предложениот текст.

## Точка 59

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци и условно ја донесе Одлуката доколку Агенцијата за катастар на недвижности до потпишување достави мислење по истата.

## Точка 60

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за начинот и постапката при распределба на стоки во рамки на тарифни квоти, во предложениот текст.

## Точка 61

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на друг вид минерална суровина - риолит на Друштвото за трговија, производство и услуги Минерал - груп ДОО Струмица на локалитетот „Крив пат“ с.Куклиш, Општина Струмица, во предложениот текст.

## Точка 62

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Центар, во предложениот текст.

## Точка 63

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Агенцијата за разузнавање, во предложениот текст.

## Точка 64

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за основање на Математичко - информатичка гимназија во Скопје, со заклучок, во текстот на Одлуката, во член 7, за вршител на должноста директор на Математичко - информатичката гимназија да се именува Јулија Гајдарџиева.

## Точка 65

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-решението за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа, за наредната седница на Владата, поради потребата во составот на членовите на Советот за безбедност и здравје при работа соодветно да биде застапено начелото на правична застапеност.

## Точка 66

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Понудата од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.111601 за КО Центар 1 на КП бр.10916/1 и КП бр.10916/3 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111602 за КО Центар 1 на КП бр. 10918/1 и КП бр. 10918/3, викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр.111604 за КО Центар 1 на КП бр. 10939, викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111599 за КО Центар 1 на КП бр. 10922/1 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111587 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/2, КП бр. 10914/6, КП бр. 10914/7 и КП бр. 10914/8 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111600 за КО Центар 1 на КП бр. 10923/1 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111592 за КО Центар 1 на КП бр. 10911/9 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр.111590 за КО Центар 1 на КП бр. 10941/2, КП бр. 10941/4 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111596 за КО Центар 1 на КП бр. 10917/1 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111586 за КО Центар 1 на КП бр. 10901/6 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111579 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/5 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111583 за КО Центар 1 на КП бр. 10913/16, КП бр. 10913/25, КП бр.10913/26 и КП бр. 10913/30 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111591 за КО Центар 1 на КП бр. 10915/3 и КП бр. 10915/5 викано место И.Р.Лола и Имотен лист бр. 111581 за КО Центар 1 на КП бр. 10915/2, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по Понудата.

## Точка 67

Владата ја разгледа Понудата од нотар Махир Зибери од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.2676 за КО Горно и Долно Оризари на КП бр.983 викано место/улица Железница и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења од Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 68

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10195 за КО Илинден на КП бр.1037 викано место/улица Село и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 69

1. Владата ја констатира оставката на Борис Дучков од должноста член на Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост (поради постоење состојба на судир на интереси).

2. Владата го избра Зоран Ристов за член на Одборот на директори на АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост.

3. Владата ја отповика Александра Маројевиќ од должноста независен неизвршен член на Одборот на директори на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје, во државна сопственост.

3.1. Владата ја избра Ивана Ралповска за независен неизвршен член на Одборот на директори на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје, во државна сопственост.

4. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор на Друштвото фабрика за шински возила „ВЕЛЕС“, ДООЕЛ - Велес, ги отповика:

- Ерол Копов и
- Милан Даниловски.

5. Владата го разреши Александар Трајковски од должноста член на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

5.1. Владата го именува Панче Филиповски за член на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

6. Владата го разреши Гоце Нацев од должноста член на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје Ц.О.

6.1. Владата го именува Игор Јованчев за член на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје Ц.О.

7. Владата ја разреши Андријана Мулачка од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

7.1. Владата ја именува Благица Ристова за член на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

8. Владата на Биљана Босилкова и утврди престанок на мандатот член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница - Велес, на нејзино барање.

9. Владата од должноста вршител на должност претседател и вршители на должност членови на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, ги разреши:

а) од вршител на должност претседател:
- Севдие Исмаили

б) од вршители на должност членови:
- Катерина Петрова Ацковска,
- Маријана Ивановски и
- Анита Стојческа.

9.1. Владата за претседател и членови на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, ги именува:

а) за претседател:
- Азис Ибраими

б) за членови:
- Наташа Мојсовски,
- Андриана Липтова,
- Јулијана Андонова и
- Горан Цветковиќ.

10. Владата го разреши Виктор Митевски од должноста член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

10.1. Владата ја именува Олимпија Христова Заевска за член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

11. Владата ја именува Ивана Станковиќ за член на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити.

12. Владата ја разреши Кристина Анѓелеска од должноста член на Управниот одбор на Јавната установа Центар за образование на возрасните.

12.1. Владата ја именува Гала Николиќ за член на Управниот одбор на Јавната установа Центар за образование на возрасните.

13. Владата го разреши Бурхан Чајани од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - „Железничар"-Скопје.
14. Владата заклучи, заклучоците 8, 9 и 10, донесени по Точка 211, Кадровски прашања од 159-та седница на Владата, одржана на 14 октомври 2019 година, да се изменат и да гласат:

„ *8.* Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"- П.О. Скопје, за вршител на должност заменик на директорот на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"- П.О. Скопје, да го именува Берат Дехари.

*9.* Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта, за вршител на должност заменик на директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, да го именува Исни Јакупи.

*10.* Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" Скопје, за вршител на должност заменик на директорот на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" Скопје, да го именува Брахим Ајвази".

15. По повод барањето на Арбен Вила, вршител на должност директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот, за утврдување на право на надоместок за користење на автомобил во лична сопственост за службени цели, Владата ги задолжи Агенцијата за управување со одземен имот и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбедат возило за таа намена.
16. По повод барањето на Зирап Адеми, заменик на директорот на Државниот завод за статистика, за утврдување право на надоместок на трошоците за користење автомобил во лична сопственост за службени цели, Владата ги задолжи Агенцијата за управување со одземен имот и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбедат возило за таа намена.

**Точка 70**

**1.** Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, бр. 45-8352/1 од 22.10.2019 година, во предложениот текст

**2.** Владата го задолжи Министерството за труд и социјална политика за наредната седница на Владата да достави Информација за отпочнување на постапка за повеќегодишна јавна набавка за изградба на детска градинка во Општина Чаир, со предлог-заклучоци.

**3.** Владата го разгледа Барањето за финансиски средства на Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија под бр. 08-3352/1 од 28.10.2019 година, за покровителство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на научната конференција на тема „Транзиција на правните системи: 30 години по падот на Берлинскиот ѕид" и притоа заклучи:

- Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија раздел 04001, Програма 1 - Администрација, Потпрограма 10 - Администрација, 464-Разни трансфери да уплати 120.000 денари на жиро сметка на горенаведениот субјект.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 21 октомври 2019 година до 27 октомври 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата на предлог на Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи заклучи Работна група за спроведување на еколошката мерка за субвенционирање на граѓаните со високоефикасни инвертер клима уреди за потребите на домаќинствата во Градот Скопје и општините Битола, Кичево и Тетово, да ја разгледа можноста дел од тие средства да бидат одвоени и за Општина Куманово на начин кој ќе биде најсоодветен за решавање на проблемот со загаденоста на воздухот во Општина Куманово.

**6.** По повод Барањето за финансиски средства на Институт за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, заведено под бр.08-3303/1 од 24.10.2019 година, за покровителство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на научната конференција „Меѓународна конференција за Балканологија" со наслов „Претставување на другиот во балканската култура", Владата заклучи:

- Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија раздел 04001, програма 1-Администрација, потпрограма 10-Администрација, 464-Разни трансфери да уплати 30.000 денари на жиро сметка на горенаведениот субјект.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија

стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1 јули до 30 септември 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Македонски железници - Транспорт А.Д. - Скопје, за период 1.4. - 30.6.2019 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ Скопје за период од 1.7.2019 година до 30.9.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за статус на реализација на програмите за прекугранична и транснационална соработка кои се спроведуваат во рамки на Инструментот за претпристапна помош за период јануари - јуни 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Предлог- насоки за буџетирање одговорно кон Ромите, како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за преземените активности во врска со реализацијата на активностите од Стратегијата за Роми 2014 - 2020, односно националните акциски планови за периодот април - јуни 2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за транспорт и врски до Кабинетот на министерот без ресор задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија да достави Извештај за реализација на наменското користење на средства за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија од страна на општините.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на нов модул во Мултиплатформскиот систем за колаборација за Е - седница на Владата со презентација за неговата примена, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, по скратена постапка (нов текст) и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за економија да го усогласи текстот на Законот со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, по скратена постапка да се достави до Собранието на Република Северна Македонија согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Кирил Колемишевски, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Фатмире Хоџа, државен советник во Министерството за економија.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Северна Македонија и Република Србија за 2018 година од Акциската програма за преку - гранична соработка Република Северна Македонија - Република Србија за 2018, 2019 и 2020 година CRIS 2018/041-422, во рамки на ИПА 2, со усогласен текст на Спогодба и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Северна Македонија и Република Србија за 2018 година од Акциската програма за преку - гранична соработка Република Северна Македонија - Република Србија за 2018, 2019 и 2020 година CRIS 2018/041-422, во рамки на ИПА 2.

2. Се определува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и национален ИПА координатор д-р Бујар Османи, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Србија за 2018 година од Акциската програма за преку - гранична соработка Република Северна Македонија - Република Србија за 2018, 2019 и 2020 година CRIS 2018/041-422, во рамки на ИПА 2.

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да го планира и предвиди износот на буџетски средства потребни за национално кофинансирање за 2018 година од Акциската програма за преку - гранична соработка Република Северна Македонија - Република Србија за 2018, 2019 и 2020 година CRIS 2018/041-422, во рамки на ИПА 2, во рамки на максимално

одобрените износи на расходи со Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните години, и во согласност со динамиката на спроведување на проектите финансирани во рамки на оваа програма.

<u>Точка 80</u>

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за одржување на четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 22 мај 2019 година во Скопје и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија, преку Секретаријатот за европски прашања, да достави до Европската комисија информација за плановите за следење на договорите и ЈПП (законска рамка/договори) со внимателно користење на е-аукција во концесиите, за плановите за воспоставување на функционален и транспарентен регистар на концесии и ЈПП и за функционирањето на Советот за ЈПП, најдоцна до 31.12.2019 година.

2. Се задолжува Министерството за економија, преку Секретаријатот за европски прашања, да достави до Европската комисија детална анализа на националното законодавство за услуги со јасно назначување кои делови од законодавството допрва ќе се усогласат со правото на Европската унија, најдоцна до 31.12.2019 година.

3. Се задолжува Министерството за економија, преку Секретаријатот за европски прашања, да го достави до Европската комисија Предлог-законот за заштита на потрошувачи, со кореспондентна табела на англиски јазик, најдоцна до 15.11.2019 година.

4. Се задолжува Министерството за образование и наука, преку Секретаријатот за европски прашања, да достави до Европската комисија оправдувања за секоја од регулираните професии како дополнување на претходно доставената Листа на регулирани професии, на англиски јазик, најдоцна до 31.12.2019 година.

5. Се задолжува Министерството за финансии, преку Секретаријатот за европски прашања, да достави до Европската комисија писмен одговор на прашањата во делот за инфраструктурата на финансиските пазари, на англиски јазик, најдоцна до 31.10.2019 година.

6. Се задолжува Државниот завод за индустриска сопственост да обезбеди координација и соработка во спроведувањето помеѓу институциите надлежни за правата на индустриска сопственост преку воспоставување на веб - базирана информативна платформа за размена на податоци поврзани правата за индустриска сопственост, најдоцна до 31.3.2020 година.

7. Се задолжува Државниот завод за индустриска сопственост, преку Секретаријатот за европски прашања, да достави до Европската комисија информација за тоа дали и како Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија за индустриска сопственост

2016 - 2018 предвидува следење на влијанието на активностите на истиот, на англиски јазик, најдоцна до 31.10.2019 година.

8. Се задолжува Државниот завод за индустриска сопственост, преку Секретаријатот за европски прашања, да достави до Европската комисија информација со податоци за потеклото на конфискуваните добра, преземени мерки за ослободување од нив и гонење на извршителите на прекршоците, на англиски јазик, најдоцна до 31.10.2019 година.

## Точка 81

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Европската унија и Република Северна Македонија, што ќе се одржи на 13 ноември 2019 година во Брисел и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се назначува Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија за ко - претседавач на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев да номинира лице/лица за учество на Поткомитетот, согласно предвидените точки на дневен ред, најдоцна до 1.11.2019 година.

3. Се укажува на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија да номинира лице/лица за учество на Поткомитетот, согласно предвидените точки на Предлог-дневниот ред, најдоцна до 1.11.2019 година.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската комисија веднаш по усвојувањето на истите од страна на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 82

Владата ја разгледа Информацијата за преземање и прераспоредување на професионални војници со навршени 45 години возраст од Министерството за одбрана во органите на државната и локалната власт и во други државни органи и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжуваат сите органи на државната и локалната власт и други државни органи во рок од 30 дена да доставаат информација до Министерството за одбрана дали имаат места за преземање и прераспоредување на професионалните војници со навршени 45 години.

## Точка 83

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Берово и условно ја донесе Одлуката доколку Агенцијата за катастар на недвижности до потпишување достави мислење по истата.

## Точка 84

Владата ја разгледа Информацијата за преземање итни мерки за обезбедување и заштита на Аквадуктот во Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Управата за заштита на културното наследство како надлежен субјект кој управува со културното наследство во државна сопственост да организира соодветно обезбедување на Аквадуктот во Скопје.

2. Се задолжува Управата за заштита на културното наследство да иницира процес за експропријација на имотите кои го нарушуваат интегритетот на Аквадуктот во Скопје, имајќи го предвид мислењето на Министерството за финансии процесот да биде во рамките на буџетот на Министерството за култура.

## Точка 85

Владата ја разгледа Информацијата во врска со понудата на Секретаријатот на енергетската заедница за вклучување на Центарот за решавање и преговарање на спорови во случајот со решавање на сопственичките удели во ГА-МА АД - Скопје, со Меморандум за разбирање и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја прифати понудата на Секретаријатот за енергетска заедница за вклучување на Центарот за решавање и преговарање на спорови во случајот со решавање на сопственичките удели во ГА-МА АД - Скопје.

2. Го усвои текстот на Меморандумот за разбирање и предлогот Дирк Бушле, заменик на директорот на Секретаријатот за енергетска заедница да биде олеснувач и го овласти д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише истиот.

3. Се задолжуваат д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и м-р Крешник Бектеши, министер за економија да присуствуваат на состанокот на петти ноември 2019 година во Центарот за решавање и преговарање на спорови во рамките на Секретаријатот на енергетската заедница со седиште во Виена.

## Точка 86

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведена постапка за избор на најповолна понуда за воспоставување на Јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерските услуги за пребарување и спасување (САР), со Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за избор на приватен партнер за воспоставување на Јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР) со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Република Северна Македонија во рок од три дена од донесувањето на Одлуката за избор на приватен партнер за воспоставување на Јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР) истата да ја достави до понудувачот.

3. Се овластува генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за воспоставување на Јавно приватно партнерство за формирање на модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР).

## Точка 87

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А1 - станбени куќи КО Сопиште - вон г.р., Општина Сопиште, со Предлог-одлука.

## Точка 88

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување КО Добри Дол, Општина Сопиште, со Предлог-одлука.

## Точка 89

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за покачување на платите на вработените во јавните научни установи во Република Северна Македонија за 25% и за исплата на минат труд почнувајќи со исплата на платата од октомври 2019 година, со прилози и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја утврди потребата за покачување на платите од 25% и исплата на минат труд на јавните научни установи кои што се предмет на оваа информација.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Министерството за информатичко општество и администрација и директорите на јавните научни установи во рамките на позитивните законски норми да изнајдат решение за реализација на истото.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:55 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Кочо Анѓушев